


***ДЕЛ ОД МОНОГРАФИЈАТА „ЕСМА“ НА СЛАВЕ КАТИН***

***Есма Реџепова–Теодосиевска и Ансамблот „Теодосиевски“ најпрво го прославиле својот 25-годишен јубилеј во Белград на 8 декември 1982 година. Тоа се случило кога се вратиле од Индија во Белград. Таму, во Меѓународниот прес-центар, директорот Перо Ивачиќ организирал специјална прес-конференција за Есма и Стево Теодосиевски, за нивните 25 многу значајни и исклучително успешни естрадни години***

Имено, Ивачиќ, пред насобраните новинари од многу медиуми, изјавил дека тоа е прес со амбасадорите на југословенската естрада а по повод нивниот сребрен јубилеј, кој се одбележува, бидејќи Есма и Стево го заслужуваат тоа.

По обраќањето на Ивачиќ, се обратиле претседателот на естрадниот еснаф и уредник во Радио Белград, Светислав Вуковик, кој во таа пригода меѓу другото рекол:

*„Со гордост морам овде да нагласам, дека југословенската естрада досега немала такви уметници како Есма и Стево Теодосиевски. Тие најмалку време поминуваат дома. Куферите секогаш им се спакувани за нови патувања, нови турнеи и нови предизвици. Стево сам ја учел Есма и перфектно ја научила музиката и се издигнала високо во ѕвезденото естрадно небо.*

*Тој ја пронајде и ја лансира Есма Реџепова. Интерпретатор од голем формат и со глас кој никого не го остава рамнодушен, како и виртуозните хармоникашки волшепства на Стево.*

*Песната им ги спои и кариерите и животите. Тие се венчаа по десетгодишна заедничка уметничка работа...“*

комплименти следеле и од останатите видни личности и новинарски пера, кои биле дел од свечениот чин по повод сребрениот јубилеј на тандемот Теодосиевски во Меѓународниот прес-центар во Белград. Навистина е убаво кога некој ќе се досети и ќе ги одбележи јубилеите, настаните и значајните естрадни поводи.

За тие две и пол децении, Есма и Стево го обиколиле светот, патувајќи по воздух, вода и копно стотици илјади километри и одржувајќи импресивен број концерти, од кои голем дел и за хуманитарни цели.



*Есма со Елизабет Тејлор и Ричард Бартон*

На јубилејот беше потенцирано дека тие се познати и уште по една голема човечка доблест. Имено, прифатија, одгледаа и им подарија иднина на многу млади таленти, на многу деца и млади, кои под закрилата и со голема упорност и работа на Есма и Стево, научија да свират и пејат а кога требало и да заиграат. Немало отстапување и гледање низ прсти. Есма како нивна вистинска мајка се грижела за нив, а тие нашле многу топлина во домот на Теодосиевски, живеејќи како едно компактно семејство.

По неколкуте заеднички години, дел од нив заминале по своите патишта, некои формирале музички друштва, трети направиле кариера и свиле свое семејно гнездо. Во секој случај, тоа било огромна хумана мисија и добротворие, покажано и докажано на дело, со години потврдено од Есма и Стево Теодосиевски.

Исто така, било кажано дека Есма и Стево Теодосиевски и нивниот ансамбл се вистинска музичко–сценска машинерија, која доживува толку многу успеси и признанија, кои, каде и да гостуваат, речиси секогаш се враќаат со многу комплименти, успеси, бисови и овации. Секако, дека за еден така импресивен концертен биланс, стои многу работа, проби, компонирање, ТВ шоу...Тие настапувале дури и во најоддалечени села, во училишта, универзитети, градови, болници, амбасади, стадиони, бродови, пустини, светски концертни сали...

На сребрениот јубилеј, Есма и Стево, заедно со оркестарот биле среќни и неизмерно му се радувале на животот, функционирајки извонредно синхроно и со голема енергија и темперамент, освојувајки ги естрадните сцени на сите меридијани во светот.

Во тие 25 години Есма Реџепова-Теодосиевска со сопругот Стево Теодосиевски и нивниот ансамбл најмногу концерти одржувале кога во поранешна Југославија се граделе пруги, мостови и патишта. Голем број од концертите биле со хуманитарен карактер, по кој тие биле препознатливи.


МОИТЕ ЗЛАТНИ 50 ГОДИНИ



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**